# РАБОТНИ СОСТАНОЦИ ЗА РАЗВИВАЊЕ НА ПОЧЕТНА ПРОГРАМА ЗА ОБУКА НА РАКОВОДЕН КАДАР ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

На 07 и 08 октомври 2014 година во Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје се одржаа состаноци за развивање на Програма за обука на раководен кадар во казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Македонија на кои учествуваа членовите на работната група од Управата за извршување на санкциите и казнено-поправните установи и меѓународни консултанти од Советот на Европа.

За време на состаноците работната група со помош на консултантите ги утврди областите и содржините на Програмата како и алатките со помош на кои Управата за извршување на санкциите ќе врши евалуација на спроведените обуки на раководниот кадар во установите.

Со изработката на Програма за обука на раководен кадар и спроведувањето на обуки на раководниот кадар во казнено-поправните и воспитно-поправнте установи ќе се овозможи директорите и раководниот кадар да се стекнат со специјализирани вештини од областа на релевантното законодавство и меѓународните стандарди за извршување на санкциите, лидерски способности, комуникациски вештини, техники на менаџирање, управување со кризен менаџмент и справување со конфликти, како и за управување со успешност.

Програмата за обука на раководниот кадар во казнено-поправните и воспитно-поправните установи која треба да биде финализирана во февруари 2014 година се изработува во рамките на активностите на ИПА 2009 Проектот "Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица".